РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-18
20.08.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38
1000 Скопје**

**До:**
i

**Предмет: Одговор на Претставка**

Почитуван:

По Вашата Претставка (наш број УПП 03-18 од 17.08.2026 год.) во врска со долгометражниот игран филм „Разузданиот дедо (Dirty grandpa)“, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги спроведе вонреден надзор врз телевизискиот програмски сервис МРТ 1, и констатираше прекршување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на соодветните одредби од Правилникот за заштита на малолетните лица.

По увидот во содржината на емитуваниот филм, по жанр – „*еротска комедија за возрасни*“, а согласно со класификациските насоки од Правилникот, филмот требало да се емитува по 22 часот, како програма од – „Четврта категорија“ – што не се препорачува за деца под 16 години, за чие следење е неопходен надзор од родител или старател.

Во Правилникот (чл.17), описот на четвртата категорија програми е следниов:

- *Програми чие сценарио вклучува систематски и зачестени описи, сцени и/или глетки на психо-физичко насилство, кои можат да ги растревожат малолетните лица. Нема ограничувања на темите. Дозволена е честа употреба непристоен говор, меѓутоа тешко е прифатлива претерана употреба екстремно вулгарни изрази. Прикажувањето еротика и сексуални односи е дозволено, меѓутоа без експлицитни, порнографски детали. Неопходен е внимателно осмислен контекст за вербални и гестуални изрази, кои имаат силна сексуална алузија и можат да го навредат човековото достоинство. Прикажувањето наркоманија е дозволено само без детална разработка на фазите од чинот на (зло)употреба на дрога, врамнотежено со укажувањето на последиците и во функција на карактеризација на ликовите, комплементарно во целината на различните видови играна, образовна, информативна и/или документарна програма. Прифатливи се описи, сцени и/или глетки на насилство и последици од насилство, меѓутоа не и прикази на садизам или каков било друг израз на нечовечност и на изживување врз луѓе и врз животни.*

Според член 23 од Законот, за констатираното прекршување на Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ 1), Агенцијата може да изрече мерка јавна опомена.

Извештајот од вонредниот надзор и административната постапка по него, Ви стои на увид преку официјалната веб страница на Агенцијата – www.avmu.mk

Ви благодариме за соработката.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**